**Zimbra** **lilijana.stojanovska@finance.gov.mk**

## Барање з[redacted]ации за аукции на примарен пазар на еврообвр[redacted]

**From :** [redacted]vski@gmail.com> Thu, 04 Mar, 2021 19:28

**Subject :** [redacted]ормации за аукции на [redacted]врзници

**To :** Lilijana Stojanovska <lilijana.stojanovska@finance.gov.mk>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: | 05-03-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2784/1 | | |

Почитувани,

Упатам барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. Проспектот на еврообврзницата од 2021 година.
2. Табела или друг формат на документ со понудите од аукцијата на примарниот пазар на еврообврзницата издадена во 2021 година (не ми се потребни имињата на инвеститорите, туку само цената понудена по купон).

Целта на информациите е за лично истражување.

Благодарам,
Стојан Димитровски

--
Stojan Dimitrovski
https://stojan.me

Архивски знак Shenja e arkivit: ____
Рок на чување Afati i ruajtjes: ____
____ 20__ год./viti
Потпис/Nënshkrim
____

--
This message has been checked by Libra Esva and is found to be clean.
Click here to mark it as spam.
Click here to blacklist sender

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за правни работи -

Архивски број: 03-2784/3
Датум: 12-03-2021

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ” бр. 101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

СЕ ОДОБРУВА барањето број 03-2784/1 од 05.03.2021 година, поднесено од страна на барателот [redacted] ација од јавен карактер „1) Проспектот на еврообврзницата [redacted] а документ со понудите од аукцијата на примарниот пазар на еврообврзницата издадена во 2021 година“.

### Образложение

На ден 05.03.2021 година барателот Стојан Димитровски до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „1) Проспектот на еврообврзницата од 2021 година; 2) Табела или друг формат на документ со понудите од аукцијата на примарниот пазар на еврообврзницата издадена во 2021 година“.

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, проспектот за издадената Еврообврзница од 2021 година е јавно достапен на web страната на Министерството за финансии во делот Области/Јавни финансии/Јавен долг и меѓународни финансии/Државни хартии од вредност/Еврообврзница.

Примарната емисија се остварува на посебна аукциска платформа на која инвеститорите аукцираат со износи и цени врз основа на нивна проценка за ризик од инвестицијата и моменталните цени на меѓународниот пазар на капитал.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на одделение
Лилијана Стојановска

Изработ[redacted]


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 - 624
www.finance.gov.mk